**КОМ - Здружение на даватели на комунални услуги на Република Македонија**

бул.Јане Сандански 112 2/ 2 1000 Скопје тел :02/2461-971 WEB: www.adkom.org.mk E – mail: adkommk@gmail.com

**До:**

**Влада на Р.Македонија**

## И Н И Ц И Ј А Т И В А

Од Јавните комунални претпријатија во РМ за измена на член 2 став 1 точка 2 од Законот за вработените во јавниот сектор , член 3 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27 од 05. 02. 2014 година) и укинување на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија ( Службен весник на РМ бр. 41 од 27 февруари 2014 година)

Причини заради кои се бара законска измена на овие членови од наведените Закони, се

1. Членовите од наведените закони се во директна спротивност со одредбите на Националната стратегија за влез на Македонија во Европска Унија, страна 115, 116, 117 каде државата го уредила начинот на реформа во јавните комунални претпријатија, реформа во законите кои ја регулираат комуналната дејност, како и реформи на самите институции .

2. Во Националната стратегија е утврдено дека ЈП се субјекти на пазарот и за нив важат пазарни законитости, конкуренција, приватизација и т.н, а државата може да интервенира само со регулаторни политики...

3. Наводите дека Законот за Административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор се изготвени и предложени од страна на МИОА согласно Европските закони , не се точни, во Законите за државни службеници на Словенија, Хрватска, Србија и законите на државите во Европската унија, единствен работодавач е самата држава и никој друг, значи државни службеници и помошен персонал се само вработените во државните институции кои се платени од буџетот на државата или буџетот на единицата на локална самоуправа.

4. Јавните комунални претпријатија не се буџетски корисници, сами го остваруваат својот приход од давање на услуги врз основа на облигациони договори , кои се јавен интерес, но кои може да ги дава и друг субјект. Тврдењето дека државата дала јавни добра да се користат од страна на ЈП и тоа представува правен основ тие да влезат во категорија на државни работодавачи, нема законски основ. Државата јавните добра може да ги даде и под концесија и автоматски да важи друга законска регулатива, но , не дала на сите ЈП јавни добра, повекето комунални претпријатија сами вложиле во изградба на комуналната инфраструктура, повекето ја купуваат водата , ја преработуваат и продаваат на граѓаните, доколку истите склучат договор за комунални услуги, т.е. доколку сакаат да ја користат услугата.(Закон за облигациони односи , Закон за трговски друштва)

5. Со законите се врши законско раслојување на правата на работниците од работен однос во едно исто ЈП, има три типа на работници кои вршат иста дејност , а имаат три различни законски правни статуси, статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички персонал. ( едни имаат некои права, а други немаат, едни имаат надоместоци поврзани со правото на работен однос, опремнина, регрес за годишен одмор, новогодишен надоместок, патни трошоци и т.н. а други немаат).
6. Факт е дека МИОА , овие закони ги донесе набрзина, без комплетна правна процедура, Каталогот на работни места наместо да биде донесен во форма на Закон , е претставен само како табела од збир на смешни називи на работни места, додека во Европските земји каталозите ги унифицираат работните места и имаат најмногу до 500 шифри, нашиот каталог има по десет шифри за едно работно место од соодветна дејност и преку 4000 шифри , во кој каталог по потреба МИОА си додава нови шифри.

7. Најважно е што во Европските земји заедно со наведените закони се носи и Законот за плати на вработените во државниот или јавниот сектор, кај нас не се донесе таков закон, платите се регулираат парцијално , а за Јавните комунални претпријатија висината на бодот ке ја утврдува Советот на Општината, правен парадокс, работното место , статусот на вработените и вработувањето во ЈКП го утврдува Владата, а платата Општината. Ако државата го одредува статусот на вработените и вработува нека ја утврди и платата, нека ја обезбеди од Буџетот на државата или од буџетот на Општината, па и вработените во ЈКП да си земаат редовно плата како сите буџетски корисници.

8. Со наведените Закони, ЈКП станаа работодавачи како државата , а вработените административни работници, даватели на јавни услуги и помошно технички персонал, но автоматски се внесао во регистарот на административни службеници ИСУЧРС, со кое нешто само се зголемува бројката на административни службеници во РМ.

9. Најважно е што и по четири години од влегување во сила на овие Закони, тие не се применливи, ЈКП донесоа Правилници согласно наведените закони, добија согласност од МИОА, ја поминаа законската процедура, но не се применливи во праксата, работно место или статус на административен работник , а плата по ЗРО ?

10. Противуставност- *Членот 2 од Законот за вработените во Јавниот сектор* , со кој се дефинираат термините работодавачи и вработени во јавниот сектор-работодавачи од став 1 точка 2 се институции кои вршат дејност од областа на образованието, науката , здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето , спортот , како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје , како и од општините во градот Скопје, а вработени во јавниот сектор се лицата кои засновале работен однос кај некој од работодавачите од став 1 и
административен службеник од *член 3 од Законот за административи службеници* е лице кое засновало работен однос заради вршење административни работи во некоја од следните институции...... јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје

*се во директна спротивност со член 8 и 115 од Уставот на РМ , член 22 од Законот за локална самоуправа , член 2 и 4,став 1 - точки 1,4 и 5 од Законот за комунални дејности ( Службен весник на РМ бр. 95/12)*

Јавните претпријатија основани од општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје, не можат да имаат статус на работодавачи – институции во јавниот сектор ниту вработените во овие јавни претпријатија , претежно од комунална дејност не можат да добијат статус на вработени во јавен сектор или јавни службеници кои ќе паднат во надлежност на Државата – Министерство за информатичко општество, кое ќе носи акти за систематизација на работните места на вработените и ќе одлучува за дисциплинската одговорност на работниците вработувањето , оценувањето, распоредувањето и друго, т.е. противуставно е државата преку овој член да врши упад во надлежноста на локалната самоуправа и да воведува принцип на административно централизирано управување.

Во член 8 од Уставот на РМ се утврдени темелните вредности на Уставниот поредок на РМ, а една од наброените темелни вредности е локалната самоуправа.

Член 115 од Уставот на РМ гласи – Во единиците на локална самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење , а особено од областа на урбанизмот, комуналните дејности, културата , спортот итн.

Општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и законите.

Во член 22 од Законот за локална самоуправа наброени се надлежностите на општините , меѓу кои под точка 4 и комуналните дејности -снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведувањето и пречистувањето на отпадните води, јавното осветлување, одведувањето и третманот на атмосферските води, одржувањето на јавната чистота, собирање, транспортирање и постапување со комунален цврст отпад, ...... чистење оџаци,..........изградба и одржување на пазари......одржување и користење на парковите.......

Во член 2, член 4 став 1, точки 1,4 и 5, од Законот за комунални дејности е регулирано дека комуналните дејности се од јавен интерес , но се стопанска дејност за давање на комунални услуги за задоволување на потребите на физички и правни лица ( индивидуална и заедничка потрошувачка) , за која единиците на локална самоуправа обезбедуваат услови за соодветен обем, квалитет, достапност, континуитет и надзор над нејзиното вршење.

Значи , дејноста е стопанска јавна служба која се осамостоила од државната управна структура , како и другите трговски дејности именувани во Законот за трговските друштва , но по правило се од јавен интерес.

Давател на комуналната услуга е јавно претпријатие основано од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и Владата на РМ или правно или физичко лице кое поседува дозвола за вршење на комунална дејност, а корисник на комунална услуга е правнои физичко лице кое ги користи услугите на давателот на услугата, чии права и обврски се склучуваат со меѓусебен склучен договор.

Не може да се спори дека јавните претпријатија ( и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес) подлежат на пазарните законитости, подлежат на конкуренција, како што е наведено во Законот за јавни претпријатија.

Очигледно е дека Законодавецот при подготвуваење на Законот за вработени во јавниот сектор не ги имал предвид одредбите на Уставот, Законот за локална самоуправа, Законот за јавни претпријатија и Законот за комунални дејности како а пред се Одлуката на Уставниот суд У. Број 184/2011- 0 -1 од 15.02.2012 год со која СЕ ПОНИШТУВА членот 3 точки 1 и 2 во деловите култура и општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје од Законот за Јавните службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010, 36/2011 и 6/2012).

Во Одлуката на многу јасен начин се образложени член 8 став1 алинеи 3 и 4, член 9 став 2, член 32 став 5, член 47 став 2 , член 114 и Амандманот XVI од Уставот, точка 1 од Амандманот XVII , член 115 став 2и 3, член 117 став 1, точка 2 од Амандманот XVII и...

Она што посебно е истакнато во одлуката е дека Законот за јавни службеници има супсидиерна примена, односно тој не се применува и не се однесува за оние прашања за вработените и институциите во јавните служби од наведените дејности, каде со посебни закони и со посебна законска регулатива се веќе на поинаков начин уредени правата и обврските. Комуналните дејности се уредени со посебна законска регулатива.

Според Законот за комунални дејности , комуналната дејност е дејност од јавен интерес и се остварува преку формирање на јавни претпријатија за комунални дејности согласно законот.

Заради организирање и квалитетно вршење на комуналните дејности и стопанисување со објекти од комуналната инфраструктура од локален карактер, кои се протегаат или служат за давање на комунални услуги на подрачјето на една општина, општината може да основа јавно претпријатие.

Средствата за вршење на комунални дејности се остваруваат од цената на комуналните дејности , буџетот на општината, односно градот Скопје и други средства утврдени со закон.

Значи средствата кои се остваруваат во комуналните претпријатија не се народни пари како што сметаат надлежните од Министерството за информатичко општество и заради кое нешто спротивно на Одлуката на Уставниот суд , повторно на мала врата ги сместуваат комуналните работници во јавни службеници. Средствата кои ги оствaруваме се од облигациони договори со корисници на комунални услуги, а комуналните услуги не ги користат генерално сите граѓани па да плаќаат како што се плаќаат даноците и другите јавни давачки.

Уставниот суд го поништи членот 3 точки 1 и 2 во деловите општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје и точка 3 во делот општините, односно градот Скопј од Законот за јавни службеници не е во согласност со член 8 став 1 алинеи 3и4 , член 51, член 114, член 115 и Амандманот XVII од Уставот.

Од горенаведеното може да се констатира дека со член 2 од Законот за вработените во јавниот сектор и член 3 од Законот за административни службеници, Законодавецот повторно го крши Уставот , Законот за локална самоуправа и законите кои ја уредуваат комуналната дејност , не почитувајќи ја Одлуката на Уставниот суд вршеќи административна централизација на власта.

Предлагаме Владата на РМ , по разгледувањето на поднесената иницијатива да ПРЕДЛОЖИ измени на член 2 став 1 точка 2 - зборовите јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје како и од општините во градот Скопје од Законот за вработените во јавниот сектор , член 3 став 1 точка 2 - зборовите јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје како и од општините во градот Скопје од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27 од 05. 02. 2014 година) , да предложи укинување на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија ( Службен весник на РМ бр. 41 од 27 февруари 2014 ) , да се заложи да го реформира законодавството кое се однесува на комуналните дејности, по примерот на бившите ЈУ републики кои влегоа во ЕУ, да ги реформира институциите кои се надлежни за работата на овие Јавни претпријатија, како би се подобрило и олеснило функционирањето и давањето на комуналните услуги од страна на ЈКП.

**АДКОМ**
**Извршен Директор**
**Лолита Стојановска**